# ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

# ПО ОПШТЕСТВО

# ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| НАСТАВНИ ТЕМИ | |
|---|---|
| 1. ЈАС СУМ ДЕТЕ | 12 |
| 2. ЈАС СУМ УЧЕНИК | 8 |
| 3. МОЈОТ ДОМ | 8 |
| 4. МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ | 8 |
| **ВКУПНО** | 36 |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ОПШТЕТСВО |
| **Вид / категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | I – ПРВО одделение |
| **Теми / подрачја во наставната програма** | 1. Јас сум дете<br>2. Јас сум ученик<br>3. Мојот дом<br>4. Местото во кое живеам |
| **Број на часови** | 1 час неделно / 36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ✓ Компјутер и проектор.<br>✓ Видеоснимки и/или фотографии од роденденски прослави.<br>✓ Украсни материјали (на пример, балони со различни облици, бои и големини).<br>✓ Фотографии/илустрации за месеците во годината.<br>✓ Временска лента на настани за една недела и временска лента за тоа што правиме наутро, преку ден, навечер и преку ноќ.<br>✓ Сложувалки или илустрации со ликови на човечки лица со различни емоции.<br>✓ Илустрации за поддршка на содржините/активностите поврзани за дом и семејство/заедница.<br>✓ Играчки за поддршка на содржините/активностите (градинарски алат, прибор за лична хигиена и хигиена во домот, мебел, коцки за конструирање).<br>✓ Реквизити: семафор, знакот стоп, униформи, стетоскоп, докторски прибори и други играчки од ваков вид.<br>✓ Аудио- или видеоматеријал со снимени звукови (сирени) од полициско, амбулантно или возило од пожарна.<br>✓ Играчки – возила: амбулантно, противпожарно или полициско возило или фотографии од истите. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

**Подрачје: Општество и демократска култура**

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус); |
| VI-A.6 | -да пепознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-A.11 | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот; |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-A.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата. |
| **Ученикот/ученичката прифаќа дека:** | |
| VI-Б. 1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-Б. 2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б. 8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите и правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |

| | |
|---|---|
| VI-Б. 13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

**Подрачје: Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура.**

| Ученикот/ученичката знае и/или умее: | |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе  и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе  и по другите; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се:  чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.12 | успешно да се справува со социјални притисоци; |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |

| | |
|---|---|
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VIII-А.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти. |
| **Ученикот/ученичката прифаќа дека:** | |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат. |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ОПШТЕСТВО** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : ЈАС СУМ ДЕТЕ** | Време на реализација 12 часа |
| **Изготвиле** : Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале**: | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ се претстави себеси пред другите;
- ✓ ги препознае основните чувства кај себе и кај другите;
- ✓ ги опишува посакуваните особини и однесувањето, карактеристично за другарувањето;
- ✓ наведува и разликува месеци во годината и денови од неделата, прави разлика меѓу сегашност (денес) во споредба со поблиско и
- ✓ подалечно минато (вчера и кога бев мал/мала) и иднина (утре и кога ќе бидам голем/голема).

**<u>Ученикот/ученичката ќе развива</u>**:

- ✓ позитивна слика за себе (самодоверба и самопочит).
- ✓ отпор кон коруптивно однесување.

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кој/која сум јас**<br>• дете,<br>• момче<br>• девојче<br>• име<br>• презиме<br>• адреса<br>• дата на раѓање<br>• роденден<br>• месеци во годината | Се претставува себеси, наведувајќи ги името и презимето, адресата и местото на живеење и датумот и местото на раѓање и се идентификува според пол (како момче или девојче) и возраст. | 1 | •Учениците се поставени во круг. Наставникот ја започнува активноста кажувајќи го своето име и презиме, адреса на живеење и датумот/месецот на раѓање. Учениците внимателно слушаат и повторуваат како се вика наставникот/чката и кој месец е роден/а. На таблата е истакнат календар со месеците во годината и името на самолеплив стикер се лепи до соодветниот месец. Учениците го поздравуваат наставникот и го повторуваат неговото име.<br>•Активноста продолжува со искажување на секое дете-име и презиме, адреса, дата на раѓање. (Наставникот помага за овие податоци - изводи на учениците, списоците за упис од ПП служба). Откако ќе го слушнат кажуваат „здраво“ и го повторуваат само | табла<br>маркер<br>постер-календар<br>самолепливи стикери<br>фломастер<br>изводи на ученици | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br>Го наведува своето име, презиме, адреса место на живеење |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кој/која сум јас?**<br>• дете,<br>• момче<br>• девојче<br>• име<br>• презиме<br>• адреса<br>• дата на раѓање<br>• роденден<br>• месеци во годината | Воочува сличности и разлики со другите во паралелката во однос на адреса и место на живеење. | | неговото/нејзиното име и месецот кога е роден/а. Името го запишува ученикот/наставничката на стикер и со помош на наставникот детето го лепи своето име до месецот во кој е родено.<br>•Се изведуваат заклучоци во кои месеци има најмногу родени ученици, во кои најмалку, колку момчиња/девојчиња се родени во одреден месец и сл. | списоци на ученици од ПП служба<br>https://rb.gy/gwgx4g<br>(Предлог идеи за активности од прирачник по општество под 1-3 од БРО) | Го знае месецот(датата) на раѓање<br><br>придонес во изведување на заклучоци; |
| | Го објаснува роденденот како ден кога е роден/родена.<br><br>Илустрира одбележување (прославување) на родендените со пример. | 1 | •Неколку ученици од кутија извлекуваат сликички(балони, торта, подарок, свеќички, украси, играчки, украсена просторија, роденденска капа, деца кои танцуваат и сл.) и ги лепат на таблата. Сите ученици треба да пронајдат што е заедничко за сите сликички и да го откријат соодветниот збор(РОДЕНДЕН).<br>• Учениците преку игра го кажуваат својот датум на раѓање и се редат во линија според месецот во кој се родени.<br>• Учениците следат анимиран филм - роденденска забава на Облачето.<br>https://www.youtube.com/watch?v=ULna8seOuI0<br>•Наставникот организира „фиктивна" роденденска забава во училницата преку која учениците учат за начинот на организирање на забавата (поканување, украсување на просторот) и однесување на забавата (како се честита, како се даваат/примаат подароци).<br>*Роденденска песна на Биби*<br>https://www.youtube.com/watch?v=GSFYdSy7edw<br>*Роденден е денот*<br>https://www.youtube.com/watch?v=XxaR7Ybpmpg | Сликички (балони, торта, подарок, свеќички, украси, играчки, украсена просторија, роденденска капа,деца кои танцуваат...)<br><br>компјутер<br><br>бела табла/маркер<br><br>проектор<br><br>звучници<br><br>блок<br><br>тетратка без линии | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>Знае зошто слави роденден<br><br>Придонес во групни активности;<br><br>Изведува заклучок за одбележување на роденден;<br><br>работен лист; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | (Активноста може да се реализира за време на продолжен престој и во корелација со музичко образование или да се илустрираат или бојат цртежи на тема роденден-*корелација со ликовно образование*) | боички | |
| | Ги набројува месеците во годината, почитувајќи го нивниот редослед.<br><br>Разликува кој во паралелката е роден порано, а кој подоцна во годината (според редоследот на месеците во годината). | 1 | • Учениците по насочени прашања се искажуваат што знаат за месеците во годината.<br>• Следат едукативно видео и се запознаваат на визуелен начин со карактеристиките на секој месец посебно<br><br><br>https://www.youtube.com/watch?v=1azqrNW-qiQ<br>•Учениците ги искажуваат редоследно месеците на годината преку постер го месеци-годишни времиња.<br>•Учениците во групи добиваат мали сликички со месеците од годината и ги подредуваат по редослед.<br>•Игра- **Подреди се според месецот на раѓање**<br>Наставникот повикува:<br>• Кој е роден во месец јануари?<br>Стануваат ученици кои се родени во тој месец и се подредуваат според датата на раѓање, а потоа треба да повикаат ученик/ученици кој/и се родени во месецот кој следува(февруари). Играта продолжиува до месец декември. | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>звучници<br><br>постер со месеци во годината<br><br>учебник стр. 10,11<br><br>мали сликички со месеци во годината | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>работен лист;<br><br>практични изведби поврзани со стандардите за оценување. |
| **Што можам** | Именува позитивни особини кај себеси и ги споредува со | 1 | •Учениците следат слики (учебник стр. 12,13)и се искажуваат што прават децата на сликите. Наставникот ја чита реченицата под секоја слика за да воочат дали правилно дале толкување на истата и ги откриле особините на детето според тоа што го прави. **Пр.** | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор | Усни одговори на прашања поставени од наставникот |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **сега и што ќе можам во иднина.** | позитивните особини кај другите. | | • Емир ја средува собата-тој е вреден.<br>• Ана им помага на повозрасните луѓе-таа е добро девојче.<br>• Наставникот организира игра за себепретставување со учениците, кои откако ќе се погледнат во огледало се себепретставуваат и кажуваат нешто убаво за себе.<br>•Индивидуална работа во работен лист-Препознавање на позитивни/негативни особини кај луѓето. | учебник стр. 12, 13<br><br>огледало<br><br>работен лист<br><br>боички | придонес во изведување на заклучоци;<br><br>работен лист; |
| | Разликува сегашност од минато и иднина во сопствениот животен тек и ја препознава важноста за организирање на времето.<br><br>Опишува што може и знае сега, што можел/можела и знаел/знаела во минатото, а што би сакал/сакала да може и да знае во иднина. | 1 | •Учениците следат презентација подготвена од наставник со слики каде се претставени различни активности.<br>•Учениците седнати во круг кажуваат што знаеле да прават порано кога имале 3-4 години, а што научиле сега и одговараат на прашањето дали пораснале само во висина и тежина или забележале дека пораснале преку однесувањето и знаењата кои ги стекнале.<br>**Пр.** Возење тротинет - Сега знаат/сакаат да научат<br>Возење автомобил - кога ке бидат возрасни<br>•Се анализираат слики од учебник(стр. 14,15) по насочени прашања од наставник<br>•Учениците извлекуваат заклучок што учат додека растат:<br>**Пр.**-самостојно да јадат, да се облекуваат, да си ја средуваат собата, да одат на училиште и сл. | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>презентација<br><br>учебник стр. 14,15<br><br>работен лист | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>работен лист;<br><br>практични изведби. |
| **Што ми се допаѓа кај себе**<br><br>• позитивна особина | Ги именува деновите во неделата и идентификува кој ден на кој му претходи и следи. | | • Се проверуваат предзнаењата на учениците за денови во седмицата/неделата.<br>• Во кои денови доаѓаме на училиште?<br>• Кои денови ги користиме за одмор?<br>• Колку денови има во една седмица?<br>• Се совладуваат деновите од седмицата: | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор | Усни одговори на прашања поставени од наставникот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| • умеење<br>• сегашност<br>• минато<br>• иднина<br>• денови во неделата<br>• денес<br>• вчера<br>• утре<br><br>**Што ми се допаѓа кај себе**<br><br>• позитивна особина<br>• умеење<br>• сегашност<br>• минато<br>• иднина<br>• денови во неделата<br>• денес<br>• вчера<br>• утре | Правилно ги применува поимите вчера, денес, утре.<br><br>Опишува што ново научил/научила да прави денес во однос на вчера и минатата недела, а што би сакал/сакала да научи да прави утре и следната недела. | 1 | • прв ден -понеделник,<br>• втор ден -вторник....(учебник стр. 16,17)<br>•Учениците се запознаваат со активноста- Штафетно кажување на деновите - Еден ученик кажува понеделник, друг вторник и штом завршат со недела следен ученик продолжува со понеделник и тн.<br>Учениците се насочуваат на размислување по дадени прашања:<br>• Кој ден беше вчера, ако денес е среда?<br>• Ако денес е петок, кој ден ќе биде утре?<br>•Учениците се поделени во групи од по 7 ученици. Секој ученик размислува што правел во текот на седмицата, може и самиот да одбере ден и преку едноставен цртеж на мал бел квадратен лист да нацрта што му се случило на тој ден. **Пр.** Бил/а на роденден, добил/а подарок, си играл/а со миленичето и сл. Учениците на временска лента од една недела ги лепат сликичките редоследно според деновите во седмицата. (*Активноста може да се реализира за време на слободни иаборни активности или за времето на продолжен престој*) | постер со денови во седмицата<br><br>учебник стр. 16, 17<br><br>мал бел квадратен лист<br><br>боички<br><br>временска лента<br><br>лепило | придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>работен лист;<br><br>практични изведби |
| | Објаснува како децата (вклучувајќи се и себеси) постепено ги развиваат своите вештини и способности.<br><br>Објаснува како вложувањето труд придонесува за | 1 | • Учениците се искажуваат како го сфаќаат поимот слободно време.<br>• Што правите во своето слободно време?<br>• Дали поседувате некоја вештина која сакате да ја споделите со нас? **Пр.** пеење, цртање, свирење инструмент, играње некој спорт...<br>• Што треба да направите за да бидите подобри во тоа?<br>• Се анализираат слики од учебник стр. 18,19.<br>• Учениците се делат во мали групи. Добиваат работен лист кој содржи 1-2 слики и треба да разговараат што | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>учебник стр. 18, 19<br><br>работен лист | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>придонес во групни активности; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | стекнување на тоа што го знае и тоа што умее да го прави. | | е потребно да направат децата за да бидат подобри или најдобри во тоа што го работат. Потоа ги покажуваат сликите на другите групи и го споделувата нивното размислување. | | придонес во изведување на заклучоци;<br><br>работен лист; |
| | Идентификува коруптивни активности и ја наведува нивнта негативна страна. | 1 | Учениците се поделени во две групи. Секоја група добива работен лист со серија слики. Се насочуваат да откријат што се случува во текстовите/басните.<br>**1 гр.** Басна„Лисица и гавран“<br>**2 гр.** Басна „ Желка и зајак“<br>• Наставникот ја чита басната „Лисицата и гавранот“ од Езоп. Се поведува дискусија како со помош на неоправдано фалење лисицата успеала да му го земе сирењето на гавранот. Целта е да се заклучи дека не треба да се лаже дури и тогаш кога од лажењето може да се има корист.<br>• Наставникот ја адаптира приказната за зајакот и желката (желката му дава на зајакот морков за да ѝ дозволи да победи во трката, а зајакот го прифаќа тоа). Адаптиранaта приказна со помош на илустрации, им ја презентира на учениците. Откако ќе ја изглумат приказната, учениците дискутираат за оправданоста на постапката и на желката и на зајакот.<br>Целта е да се осуди и однесувањето на желката (нудењето на морковот за некаква корист) и однесувањето на зајакот (прифаќањето на морковот за да оствари корист).<br>•Учениците ги драматизираат со свои зборови двете басни во *времето за продолжен престој или слободни активности.* | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>учебник стр. 20,21<br><br>работен лист | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>работен лист |
| | Препознава и именува чувства на | | Наставникот поведува разговор со учениците за поимот- ЧУВСТВО.(стр. 22,23) | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Моите чувства**<br>• радост<br>• тага<br>• страв<br>• лутина<br>• љубов | радост, тага, страв и лутина кај себеси и кај другите.<br><br>Препознава ситуации од секојдневниот живот кои ги предизвикуваат и во кои се манифестираат чувствата на радост, тага, страв и лутина. | 1 | Преку постер со различни емотикони учениците се искажуваат кој од нив одговара на одредена емотивна состојба. (радост, страв, среќа, тага, успех, болка и сл.<br><br>• Игра – наставникот кажува чувство, а учениците треба тоа да го покажат на своите лица(како се чувствуваат во одредена ситуација)<br>•Учениците добиваат самолепливи стикери и самостојно цртаат емотикон за одредена состојба како се чувствува во моментот или по свој избор). Емотиконите ги лепат на табла и се искажуваат какво чувство претставува нивниот емотикон.<br>Опис на ситуации во кои ги изразуваат чувствата, осознаваат за емпатија и вербална и невербална комуникација. | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>учебник стр. 22,23<br><br>работен лист | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>работен лист |
| **Моите чувства**<br>• радост<br>• тага<br>• страв<br>• лутина<br>• љубов | Опишува како се чувствува и што прави кога е радосен/радосна, тажен/тажна, исплашен/исплашена и налутен/налутена. | 1 | Ученииците се поделени во мали групи. Секоја група разгледува различна слика од учебник(стр. 24,25) или работен лист.<br>Разговаараат на ниво на група по дадени прашања:<br>• **1гр.** Како се чувствува детето на кого му е одземена топката?<br>• **2 гр.** Какво чувство се јавило кај детето кое го скршило прозорецот?<br>• **3 гр.** Што предизвикал подарокот кај детето?<br>• **4 гр.** Што го натажило девојчето?<br>Предлог активности-<br>https://www.eduino.gov.mk/randetskirazvoj/game/5276/<br>https://www.liveworksheets.com/w/mk/opshtestvo/942663 | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>учебник стр. 24,25<br><br>работен лист | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ги препознава различните начини на манифестирање на љубовта (со зборови, преку движења и постапки).<br><br>Ја објаснува важноста од манифестирање на љубовта кон блиските во сопственото опкружување. | 1 | Наставникот црта срце на таблата, а учениците се искажуваат за неговото значење.<br>• Кога цртаме или боиме срце на што мислиме?<br>Преку анализа на слики учениците воочуваат кон што чувствуваат љубов (семејство, животни, природа, пријатели, растенија, книга, омилен спортист/пејач, својот град, татковина и сл).<br>• Како ја искажуваме љубовта кон родители, животни, растенијата ...<br>• Кои зборови, движење, постапки ги користиш?<br>Учениците преку цртеж се искажуваат што сакаат кај...<br> | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>учебник стр. 26,27<br><br>работен лист<br><br>боички | Усни одговори на прашања поставени од наставникот<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>работен лист |
| **Моите другари и другарки (другар/другарка, другарство).** | Ги препознава и именува особините на добрите другари.<br><br>Ги опишува постапките кои се карактеристични за другарувањето (во училиштето, во соседството).<br><br>Наведува различни игри со другарите | 1 | •Бура на идеи- Што е другарство?<br>•Учениците анализираат слика(подготвена/избрана од наставник/учебник стр. 28, 29 и се искажуваат што прават и како се однесуваат децата во училишен двор. Се извлекуваат заклучоци:<br>• Како треба да се однесуваме кон другарите?<br>• Што е вистинско другарство?<br>•Учениците пополнуваат работен лист во кој забележуваат особини на добри другари, карактеристики на другарување, пријателски игри.<br>•**Квиз** – Што е Другарство?(подготвен онлајн квиз од наставник, или усно подготвени прашања, а учениците со црвено-зелено картонче одговараат на прашањата.<br>•Активности кои ќе придонесат за усвојување на стандарите за оценувања, а кои може да се реализираат како слободни изборни активности, на час на одделенска заедница или продолжен престој | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>учебник стр. 28, 29, 30, 31<br><br>работен лист<br><br>боички | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>одговори на квиз; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | кои придонесуваат за јакнење на другарството. | | • го/ја цртаат и раскажуваат што им се допаѓа/не им се допаѓа кај другар/другарка, посочуваат по една сличност и една разлика меѓу себе и другарот/другарката.<br>• Симулација на игри во кои учениците ќе претстават добро и лошо однесување кон другарчето, Се пофалува доброто однесување,а си признавата кога грешат и си простуваат – со зборови и прегратка).<br>https://www.liveworksheets.com/w/mk/opshtestvo/947862 | зелени-црвени картички | придонес во изведување на заклучоци;<br><br>решенија во работен лист; |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : ОПШТЕСТВО** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : ЈАС СУМ УЧЕНИК** | Време на реализација 8 часа |
| **Изготвиле** : Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале**: | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ се идентификува себеси како ученик/ученичка и го доживува училиштето како своја средина за учење;
- ✓ ги објаснува одговорностите на наставниците и учениците во процесот на учење и улогата на училиштето како средина за учење и дружење;
- ✓ ги опишува и применува правилата за однесување во училницата, училиштето и училишниот двор кои се однесуваат на одржување хигиена и ненасилно однесување.

**Ученикот/ученичката ќе прифати дека:**

- ✓ училиштето е место во кое заеднички учат, се дружат и меѓусебно се почитуваат деца кои се различни по повеќе основи (пол/род,
- ✓ етничка припадност, физички изглед, способности/можности, социјален статус).

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Нашата училница и нашето училиште**<br><br>училница<br>училиште<br>училиштен двор<br>тоалети<br>канцеларија<br>библиотека<br>трпезарија<br>корпа за отпадоци | Се претставува себеси како ученик/ученичка и ја наведува паралелката и училиштето во кое учи.<br><br>Ја опишува просторната организација на училницата и ја објаснува училницата како заеднички простор на сите ученици од паралелката (вклучувајќи се и себеси). | 1 | •Учениците се потсетуваат на првиот училишен ден кога наставникот ги читаше нивните имиња и ги запозна дека се ученици во прво одд.(прво а,б,в... или прво 1,2,3. Учениците се искажуваат во која паралелка учат.<br>•Преку игра (пр: „На буквата, на буквата...“) учениците погодуваат предмети од училницата и го запознаваат просторот (материјалите и средствата за учење, нагледните средства, украсните предмети, играчките и сл.).<br>•Учениците се искажуваат која е намената на сите предмети во училницата(табла, клупа, шкаф, паноа и сл. и изведуваат заклучок за | компјутер<br><br>бела табла<br><br>проектор<br><br>учебник стр. 34, 35, 36,37<br><br>работен лист<br><br>боички | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| патронен празник | | | важноста на училницата како место во кое учат и другаруваат)<br>•Активности во работен лист.<br>*(Во време за продолжен престој наставникот заедно со учениците ја уредува училницата, катчињата, паноата и сл.)* | | решенија во работен лист; |
| **Нашата училница и нашето училиште**<br><br>училница<br>училиште<br>училиштен двор<br>тоалети<br>канцеларија<br>библиотека<br>трпезарија<br>корпа за отпадоци | Ја објаснува улогата на училиштето како средина за учење и дружење.<br><br>Го опишува патот меѓу училницата и училишниот двор и другите битни простории во училиштето. | 1 | •Учениците преку слика се запознаваат со различни протории во училиштето и се насочуваат да размислат која е нивната намена(стр. 38)<br>•Учениците следат насоки за посета на дел од просториите од училиштето( од страна на вработените ќе бидат запознаени со нивната намена - посета на директор, стручна служба, логопед, наставничка канцеларија).<br>•Насоки за посета на други простории во училиштето и запознавање со нивна намена (библиотека, медијатека, технички пероснал, работилница на хасумајстор и сл<br>•Наставникот подготвува сложувалка од слика од училиштето или училницата, а учениците ја составуваат (работа во пар или мала група) | Слики со простории во училиштето<br><br>Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Учебник стр. 38, 39<br><br>сложувалки од слики од простории во училиштето | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>решенија во работен лист; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| патронен празник<br><br>**Нашата училница и нашето училиште**<br><br>училница<br>училиште<br>училиштен двор<br>тоалети<br>канцеларија<br>библиотека<br>трпезарија<br>корпа за отпадоци<br>патронен празник | Ја објаснува улогата на учениците во грижата за уредувањето, уредноста и хигиената во училницата.<br><br>Ги наведува правилата за одржување на личната хигиена при користење на тоалетите и трпезаријата и за одржување на хигиената на овие простории. | 1 | •Учениците се насочуваат да размислат кој се грижи за одржување на хигиената во училиштето:<br>• Која е работата на техничката служба?<br>• Каква е улогата на вработените за одржување на хигиената во училиштето?<br>• Каква е улогата на учениците за одржување на хигиената во училиштето?<br>• Учениците следат насока за одредена активност- треба да направат нивната маса да биде неуредна, да фрлат по еден дел од својот прибор на под неговата клупа,по еден стуткан лист хартија на друг крај од училницата. Излегуваат пред табла да видат како сега им изгледа претходно уредената и чиста училница и се искажуваат дали им се допаќа таквиот изглед. Потоа сите ученици, движејќи се низ училницата, помагаат да се подигнат сите паднати предмети и да се соберат сите стуткани хартии и да ги фрлат во корпата за отпадоци; се дискутира за нивната одговорност да не фрлаат намерно, но и да соберат секогаш кога ќе видат нешто фрлено на под.<br>•Заедно составуваат правила во училницата преку анализа на слики(стр. 42) и се искажуваат кои правиле ќе бидат важни за сите и ќе ги почитуваат.<br>Истакнување на слики со правила и одговорности во училницата во соодветното катче на видливо место. | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Учебник стр. 40,41,42<br><br>Предмети од ученички прибор<br><br>Ливчиња од тетратка<br><br>Слики со правила за училница<br><br>Средство з ачистење<br><br>Памучни крпи | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Активност за чистење на клупите и шкафчињата -со насоки за секјдневно бришење на клупите по завршување на часовите.<br>• (За време на **слободни изборни активности/ продолжен престој** учениците во мали групи прават заеднички цртеж на училницата – еден за тоа како изгледа чиста и уредна училница и друг за тоа како би изгледала училницата кога би била нечиста и неуредна; ги претставуваат цртежите пред сите и укажуваат на илустрираните разлики меѓу едната и другата ситуација) | | |
| **Нашата училница и нашето училиште**<br><br>училница<br>училиште<br>училиштен двор<br>тоалети<br>канцеларија<br>библиотека | Ја објаснува улогата на учениците во грижата за хигиената во училиштето и училишниот двор<br><br>Ги наведува правилата за однесување во училницата, училиштето и училишниот двор (забрана за трчање во ходниците/по скалите, за користење навредливи зборови, за агресивно однесување кон соучениците) и начините за нивно почитување.<br>. | 1 | •Преку презентација се прикажуваа слики на правилно и неправилно однесување во училиштето и училишниот двор. Се дискутира по секоја слика и учениците извлекуваат заклучок каоја е нивната улога во грижата за хигиената во училиштето и училишниот двор<br>•Заедно составуваат правила во училиштето и училишниот двор (стр. 42, 43) и се искажуваат кои правиле ќе бидат важни за сите и ќе ги почитуваат.<br>Правилата во вид на слики се истакнуваат во соодветното катче на видливо место.<br>• (За време на **слободни изборни активности/ продолжен престој** учениците во мали групи прават заеднички цртеж на на училиштето и училишниот двор – по еден за тоа како изгледаат, а друг за тоа како би сакале да изгледаат; ги претставуваат цртежите пред сите и укажуваат на илустрираните разлики меѓу актуелната и посакуваната состојба. | Презентација<br><br>Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Учебник стр. 42,43<br><br>Наракивици<br><br>Вреќи за ѓубре<br><br>Саксии | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| трпезарија<br>корпа за отпадоци<br>патронен празник | | | •Учениците организирано излегуваат во училишниот двор и преку дискусија се искажуваат зошто е важно да биде уредено и чисто училиштето и училишниот двор.<br>•Се организира еко акција со учениците за чистење на училишниор двори засадување на саксиски цвеќиња со кои ќе се уредуваат ходниците. | Цвеќен расад | |
| | Го наведува датумот на кој се слави патрониот празник на училиштето и наведува што претставува патрониот празник | 1 | • Учениците следат видео презентација од прослава на патронен празник од своето училиште(по избор од наставникот).<br>Се поведуува дискусија за патронен празник и зошто секое училиште го празнува својот патрон. Се запознаваат со датумот на кој секоја година се одбележува овој празник на училиштето.<br>• Какви активности се подготвуваат по одделенија и на ниво на училиште за одбележување на парониот празник?<br>• Што би сакале вие да подготвиме за нашиот патронен празник?<br>•Донесување групна одлука за начинот на негово одбележување во паралелката во кое ќе учествуваат сите ученици. | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>звучници<br><br>Учебник стр. 44,45 | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци; |
| | | | • Секој ученик избира по една сликичка од кутија. На таблата се истакнати наставните предмети преку слика, а учениците треба да ја залепат сликичката под соодветниот предмет.<br>**Пр.** -Слика со топка, патики - под сликата со спортска сала<br>-Книга со басни, картичка со букви и сл под сликата со македонски јазик и сл. | Кутија<br><br>Сликички со поими од различни наставни предмети | усни одговори на прашања поставени од наставник |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ние учениците и нашиот наставник/ нашата наставничка**<br><br>ученик/ ученичка, наставник/ наставничка, одговорности | Ја опишува улогата на наставникот/наставничката како лице задолжено да им помогне на учениците да го научат она што се бара по различните предмети и да научат други работи кои се важни за животот во училиштето и надвор од него. | 1 | Се поведува разговор за тоа што ќе учат по секој предмет и која е улогата на наставникот:<br>• Кој ќе ве научи на училиште да читате и шишувате?<br>• Кој ќе ве научи да зборувата на англиски?<br>• А кој че ве научи да играте различни спортови?...<br>Дискусија во мали групи за тоа како треба да постапуваат кога наставникот зборува/објаснува, ги советува и сл.<br>•*Квиз активности*- Учениците со помош на картички(зелено-црвено) даваат одговори на прашања од следниот вид:<br>• Во училиште треба да ги поздравувам и почитувам вработените(Зелено ДА)<br>• Во училиште мора да с еоднесувам некултурно(црвено- НЕ) | Учебник стр. 46,47<br><br>Картички за квиз<br>Зелена-црвена за секој ученик | придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>одговори на квиз |
| **Ние учениците и нашиот наставник/ нашата наставничка** | Ја опишува улогата на учениците, вклучувајќи се и себеси, како одговорни да ги почитуваат насоките нанаставникот/наставничката за тоа како и што да учат | 1 | • Учениците одговараат на прашања:<br>• Што значи да се биде ученик?<br>• Која е вашата улога во училиштето?<br>• Со кого го поминувате времето во училиште?<br>• Дискусија со учениците за тоа кои однесувања кон соучениците во училницата и/или училиштето се посакувани, а кои не се. Освен идентификување на однесувањата, од учениците се бара и објаснување зошто ги сметаат за такви.<br>• Од цртежи со ситуации кои илустрираат забрането однесување во училница и/или училиште (на пример, деца кои се гаѓаат со | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>звучници<br><br>Учебник стр. 48,49<br>слики со ситуации кои илустрираат | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ученик/<br>ученичка,<br>наставник/<br>наставничка,<br>одговорности | | | предмети, толпа деца кои трчаат по скали/во ходник, дете кое паѓа по скали, деца како удираат/буткаат некое дете, деца како навредуваат некое дете, дете како фрла отпадоци на земја, дете како фрла хартија во кантата наменета за пластични шишиња) обезбедени од наставникот/наставничката, учениците (поделени во мали групи) прават постер, означувајќи ги забранетите ситуации како во сообраќаен знак за забрана; постерите се изложуваат на ѕид во училницата. | забрането однесување<br><br>хамер<br><br>лепило | |
| | Ја споредува одговорноста на наставниците и на учениците – наставниците да се трудат да ги научат учениците, а учениците да се трудат да научат. | 1 | • Наставникот повикува неколку ученици да играат улоги во кои прикажуваат различни видови однесувања во различни ситуации во училиштето. Другите ученици треба да проценат дали прикажаното однесување е според воспоставените правила. <br>•Дискусија за тоа кои се последиците од непочитување на правилата и групно одлучување за мерките кои треба да се преземат доколку некој не ги почитува.<br>Играме улоги: Ученик и наставник<br>*Квиз активности*- Учениците со помош на картички(зелено-црвено) даваат одговори на прашања од следниот вид:<br>•Учениците треба да ги слушаат советите на наставникот(Зелено ДА)<br>•Кога работам во група не треба да помагам на другите(црвено- НЕ) | Слики со различно однесување на ученици<br><br>Учебник стр. 50,51<br><br>Картички за квиз<br>Зелена-црвена за секој ученик | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци;<br><br>одговори на квиз |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет :** ОПШТЕСТВО | ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ |
| **Наставна тема : МОЈОТ ДОМ** | Време на реализација 8 часа |
| **Изготвиле** : Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале**: | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**
**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ се идентификува себеси како член на семејство/заедница;
- ✓ ја објаснува улогата и одговорностите на децата и возрасните во семејството/заедницата;
- ✓ разликува слободно време од време посветено на обврските во домот и училиштето.

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Дом и семејство**<br><br>куќа/стан, простории во домот, двор, семејство, родител/ родители, старател/ старатели, деца, мајка, татко, брат, сестра, баба, дедо, роднини... | Го опишува домот и ги идентификува просториите во домот и објаснува за што се користат. | 1 | •Ученииците се искажуваат за домот во кој живеат(стан/куќа). Прават споредба како се живеење во стан или куќа.<br>•Учениците може по претходна подготовка да носат фотографии од својот дом или одредена просторија во домот и да се искажат која е намената на таа просторија.<br>•Преку слики(учебник стр. 54, 55) учениците ги именуваат просториите во домот и се искажуваат/запознаваат со нивната намена.<br>•Учениците преку интерактивна алатка изработена од наставник/превземена од интернет(liveworksheet, learningApps и сл) поврзуваат простории во домот со нивната намена<br>•(За време на **слободни изборни активности/ продолжен престој** учениците во мали групи обојуваат слики од разни простории во домот, а потоа ги лепат на постер- Мојот дом. | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>фотографии од дом или одредена просторија<br><br>Учебник стр. 54, 55<br><br>Хамер<br><br>Лепило<br><br>сликички | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ги наведува членовите на своето семејство, односно членовите на заедницата во која живее.<br><br>Ги опишува односите меѓу членовите во семејството/заедницата во која живее (родители деца, старатели – деца, браќа/сестри).<br><br>Ја објаснува разноликоста во семејствата (семејство со еден или двајца родители и со едно или повеќе деца, со родители кои живеат разделени, проширено семејство, старателско семејства, згрижувачко семејство) | 1 | •Наставникот презентира видеоматеријали со различни видови семејства/заедници (пример: семејство само со еден родител/старател, семејство со повеќе деца, заедница со баби/дедовци, згрижувачко семејство), а учениците го идентификуваат своето.<br><br>•Учениците носат фотографија од своето семејство. Секој ученик ги претставува членовите на своето семејство.<br><br>• Се искажуваат за поимите баба/дедо, тетка/тетин, вујко/вујна, стрико/стрина братучеди.<br><br>• Во корелација со ликовно образование се изработува цртеж- Моето семејство | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>фотографија од своето семејство<br><br>Учебник стр. 56, 57, 58,59<br><br>Блок<br><br>Боички<br><br>Тетратка без линии | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци |
| **Улоги и одговорности во домот**<br><br>грижа, возрасни, задолжение, почит, одговорност, | Ја објаснува улогата на возрасните во грижата за домот и за децата.<br><br>Ја објаснува својата улога и улогата на членовите на семејството | 1 | •Учениците следат фотографии на деца и од мажи и жени на различна возраст во сите можни улоги поврзани со домашни обврски (дете, маж и жена кои чистат, перат, мијат садови, готват, пазаруваат, уредуваат двор/градина, се грижат за миленичиња, вршат поправки итн.) и ги поврзуваат со активностите на членовите на сопственото семејство/заедница. •Потоа, дискутираат за стереотипноста на родовите | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Фотографии | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| хигиена | во одржување на хигиената во домот<br><br>. | | улоги во домот - во нашиот дом треба да се делат задолженијата и заедно да си помагаме.<br>•Учениците се искажуваат која е нивната улога за одржување на хигиената во домот.<br>•Учениците се искажуваат по слики(стр. 62) поврзани со меѓусебно почитување на членовите на семејството-ги споредуваат сликите и се искажуваат што е правилно или неправилно на сликите. | Учебник стр. 60, 61, 62<br><br>Тетратка без линии | придонес во изведување на заклучоци |
| **Улоги и одговорности во домот**<br><br>грижа, возрасни, задолжение, почит, одговорност, хигиена | Ги наведува и објаснува постапките за одржување на личната хигиена со одговорно користење на водата | 1 | •Учениците се искажуваат по прашања:<br>• Колку пати во денот миете раце?<br>• Дали ја оставате чешмата да тече додека миете раце?<br>•Преку слики од учебник стр. 63 се разговара со учениците за важноста од одржување на лична хигиена.<br>•Учениците се насочуваат да размислат што ќе се случи ако нема вода еден или повеќе дена.<br>•Следат видео -Зошто треба да штедам вода?<br>https://www.youtube.com/watch?v=K37nQ-q5-G4<br>Изведуваат заклучоци за одговорно користење на водата која е неопходен услов за живот на живите суштества.<br>•(За време на **слободни изборни активности/ продолжен престој** учениците може да изработат постер на тема- Водата треба да се штеди) | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Фотографии<br><br>Учебник стр. 63<br><br>Тетратка без линии | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Улоги и одговорности во домот**<br><br>грижа, возрасни, задолжение, почит, одговорност, хигиена | Идентификува каде се фрла отпадот од домаќинството<br>. | 1 | • Учениците се искажуваат што спаѓа во отпад и каде го фрлаат отпадот во својот дом.<br>На постер следат 4 различни канти по боја(доколку има во училиштето различни канти се користи можноста да ја откријат нивната намена)<br>Се насочуваат да размислат која е намената на секоја канта.<br>Учениците се поделени во мали групи. Добиваат сликички со отпад од хартија, стакло, пластика и храна (на пр. цртеж на пластично шише, хартиена амбалажа за сокови, пластични чаши, картонски кутиии, лименки и сл.) и треба да ги распоредат и залепат преку цртежот на кантата во која треба да се фрлат<br>Учениците следат кратко анимирано видео за селектирање на отпад и важноста истиот да може да се реупотреби.<br>https://www.youtube.com/watch?v=wdrx5CUM37I<br>•(За време на **слободни изборни активности/ продолжен престој** учениците во мали групи изработуваат корпи за различен отпад( стакло, хартија, пластика, храна) од хартиени ролни, пластични чаши и сл . | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Постер<br><br>Сликички<br><br>Лепило<br><br>Блок број<br><br>Учебник стр. 64,65<br><br>Пластични чаши<br><br>Хартиени ролни<br><br>Колаж хартија | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Улоги и одговорности во домот**<br><br>грижа, возрасни, задолжение, почит, одговорност, хигиена | Ги разликува задолженијата и одговорностите на возрасните и децата во семејството/домот.<br><br>Објаснува дека и машките и женските членови на семејството се еднакво одговорни за грижата во домот (за одржување на хигиената, за готвењето и сл.).<br><br>Разликува постапки кои придонесуваат за меѓусебно почитување на членовите на семејството /заедницата и заедничкото живеење од постапки кои го нарушуваат тоа | 1 | • Учениците, во мали групи, цртаат несредени простории во домот, ги презентираат пред другите и кажуваат кој придонел за таквата ситуација и што треба да се направи за да се средат.<br>Наставникот организира играње улоги во кои учениците презентираат ситуации на непочитување на некои членови на семејството/заедницата (на пример, таткото не дава детето да гледа цртани филмови затоа што сака да гледа фудбал; детето пушта гласна музика додека мајката работи на компјутер) и потоа ги извртуваат во ситуации кои покажуваат почитување.<br>• Наставникот организира игра во која учениците раскажуваат ситуации од домот кога биле најсреќни и што најмногу сакаат да прават заедно со другите дома.<br>•(За време на **слободни изборни активности/ продолжен престој** учениците Учениците, поделени во групи, конструираат дом (градат куќа од дрвени коцки), го полнат со мебел (играчки) и ги делат задолженијата за да го уредат. Во текот на активноста внимаваат на меѓусебните односи и почитувањето. | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Постер<br><br>Сликички<br><br>Лепило<br><br>Блок број 3<br><br>Тетратка без линии<br><br>Учебник стр. 64,65 | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активности во денот**<br><br>утро,<br>преку ден,<br>вечер,<br>преку ноќ,<br>слободно време,<br>игри. | Наведува активности на членовите на семејството/заедницата во текот на денот, вклучително и сопствените. | 1 | •Учениците се насочуваат да размислат што прават/кои активности ги имаат членовите на нивното семејство во текот на денот (претпладне, попладне, навечер). На таблата се истакнати слики од различни активности и секој ученик има можност да се искаже дали таа активност ја прават во својот дом и во кој дел од денот<br>Пр. Родителите одат на работа<br>(зависно од професијата)<br>наутро попладн навечер<br>прва смена втора смена трета смена<br>•Се анализираат слики од учебник стр. 66, 67 со цел да се совладаат и поимите утро, пладне, претпладне, попладне, навечер,преку ноќ и сл.<br>•Учениците во парови или мали групи добиваат работен лист во кој по насоки треба да обијат коиа активности во кој дел од денот се прават.<br>**Пр.** Одиме на училиште- наутро или навечер? | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Постер<br><br>Сликички<br><br>Лепило<br><br>Учебник стр. 66, 67<br><br>Тетратка без линии<br><br>Работен лист | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |
| | Наведува примери за користење на слободното време (преку игра, читање, гледање телевизија, цртање, заеднички игри со други, спортување, работа во двор, пешачење...).<br><br>Објаснува како треба да се организира слободното време (игра со другарите, гледање | 1 | •Учениците се искажуваат како го разбираат поимот слободно време-Како си го организирате слободното време?<br>•Преку презентација/ слики од интернет/ учебник стр. 68, 69 учениците се запознаваат што можат да прават во слободното време и кои активности најчесто ги прават според своите способности и интереси (слушање музика, спортување, пешачење, цртање, пеење, свирење инструмент, играње на компјутер, грижа за милениче и сл.).<br>•Учениците преку игра (со пантомима), им покажуваат на другите што прават во нивното слободно време. | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br>Презентација слики<br>Лепило<br><br>Тетратка без линии<br><br>Учебник стр. | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | телевизија, слушање музика, компјутерски игри, други слободни активности...) за да се задоволи потребата за игра, но и обврските поврзани со домот и училиштето. | | Откако другите ќе погодат што прават, се групираат врз основа на искажаните интереси.<br>•(За време на **слободни изборни активности/ продолжен престој** учениците се насочуваат да изработат фотодневник за активности во слободното време по денови во неделата. Секој ученик избира активности кои ги прави во слободното време од понудените слики и ги распоредува по денови. Доколку нема активност од понудените која ја реализира во слободното време, може и да нацрта | 68, 69 | Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО ОПШТЕСТВО ЗА ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| Предмет : **ОПШТЕСТВО** | **ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставна тема : МЕСТОТО ВО КОЕ ЖИВЕАМ** | Време на реализација 8 часа |
| **Изготвиле** : Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале**: | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ го именува и опишува местото (град/село) во кое живее, ја именува својата држава и го препознава државното знаме;
- ✓ опишува зошто служат продавниците/маркетите, пазарот, амбулантата/болницата/брзата помош, аптеката, полицијата, пожарната,
- ✓ ги наведува професиите поврзани со нив;
- ✓ ги почитува основните сообраќајни правила за безбедно движење во сообраќајот.

**<u>Уеникот/ученичката ќе:</u>**

- ✓ развива свест за припадност кон својата држава.

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мојот град/село и мојата држава**<br><br>село,<br>град,<br>држава,<br>знаме,<br>продавница/маркет,<br>пазар,<br>амбуланта/болница,<br>аптека,<br>продавач,<br>лекар,<br>медицинска сестра,<br>аптекар | Го именува и опишува местото во кое живее (град/село), ја именува државата и го препознава нејзиното знаме. | 1 | •Учениците се искажуваа за местото на живеење(село/град)<br>• Како се вика градот во кој живееш?<br>• Која река течи низ градот?<br>• Дали во близина на твојот град има некоја<br>планина?<br>•Учениците се искажуваа дали биле во посета кај блиски роднини иили пријатели кои живеат во село.<br>•Преку презентација/слики се прави споредба помеѓу град и село(поголемо/помало населено место)<br>•Се истакнува македонското знаме и учениците се искажуваат за нашата држава и | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Презентација<br><br>Слики од населени места<br><br>Македонско знаме<br><br>Учебник стр. | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мојот град/село и мојата држава**<br><br>село,<br>град,<br>држава,<br>знаме,<br>продавница/маркет,<br>пазар,<br>амбуланта/болница,<br>аптека,<br>продавач,<br>лекар,<br>медицинска сестра,<br>аптекар | | | ја именуваат- Република Македонија. Се запознаваат со значењето на боите на македонското знаме.<br>•Индивидуална работа во работен лист(именуваат место на живеење - град, држава и обојуваат македонско знаме)<br>•(За време на **слободни изборни активности/ продолжен престој** учениците (во мали групи) играат сложувалка, составувајќи слики од местото на живеење и знамето на државата. | 72, 73<br><br>Работен лист<br><br>Сложувалка со слики од местото на живеење и знамето на државата | |
| | Ги набројува најважните локации во местото на живеење и објаснува зошто служат (продавница/ маркет, пазар, амбуланта/ болница, аптека и други).<br><br>Идентификува професии на луѓето кои работат во нив (продавач, лекар, медицинска сестра, аптекар). | 1 | •Учениците внимателно слушаат текст со насоки да се движат по дадена слика препознавајќи ги објектите кои ги читаат.(учебник стр. 74, 75)<br>По откривање на објектите се искажуваат за нивната намена (продавници, пазар, амбуланта, болница, аптека, парк) и дискутираат во групи за што служат тие.<br>•Наставникот подготвува картички/слики на кои се прикажани луѓе со различни професии. Секој ученик бира картичка и се искажува што знае за одредена професија (продавач, лекар, медицинска сестра, аптекар).<br>•Наставникот на наставен лист им дава на учениците мапа на која се препознаваат одредени значајни локации од местото на живеење. Учениците ги лоцираат најважните локации (продавница/маркет, пазар, амбуланта/болница, аптека и други) и ги поврзуваат со вработени лица во тие објекти | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Презентација<br><br>Учебник стр. 74, 75, 76, 77<br><br>Слики од различни професии<br><br>Работен лист | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Безбедно играм и се ориентирам во просторот**<br><br>игралиште, ориентација, лево-десно, напред-назад, безбедност, правила | Препознава и опишува безбедни места за игра (игралиште, парк, двор...).<br><br>Разликува безбедно од небезбедно место за игра и движење.<br><br>Се ориентира во просторот: лево-десно и напред-назад. | 1 | •Учениците се искажуваат каде играат со дугарчињата во слободното време.<br>• Дали минуваат возила на тоа место?<br>• Се чувствувате ли безбедно додека играте таму? Зошто?<br>Учениците разгледуваат слики и наведуваат безбедни и небезбедни места за играње(стр. 78, 79).<br>•Наставникот преку видеопрезентација покажува небезбедни места/ локации за играње (улица, крстосница, градилиште и сл.), а учениците потоа, во мали групи, дискутираат зошто местото е небезбедно за играње и секој кажува по едно безбедно место за играње (двор, игралиште, парк и сл.).<br>•Учениците следат насоки како да се ориентираат во просторот каде играат и се движат заради нивната безбедност-симулирање на преминување на улица-**Погледни лево-погледни десно!**<br>Во работен лист означуваат/обојуваат/запишуваат по дадени насоки за безбедни/небезбедни места за движење. | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Презентација<br><br>Учебник стр. 78, 79<br><br>Работен лист | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Безбедно се движам и учествувам во сообраќајот**<br><br>улица,<br>возило,<br>пешак,<br>пешачки премин,<br>тротоар,<br>семафор | Прави разлика меѓу улица, пешачки премин, тротоар, крстосница, велосипедска патика.<br><br>Препознава основни сообраќајни знаци и семафор. | 1 | Учениците следат насоки дека ќе одат да набљудуваат крстосница и како безбедно да се движат како учесници во сообраќајот.<br>Се запознаваат со поимите-улица, коловоз, пешачки премин, тротоар, крстосница, велосипедска патика.<br>Се искажуваат за значењето на сообраќајните знаци кои ги гледаат и важноста на семафорот - за возилата и пешаците.<br>•(За време на **слободни изборни активности/ продолжен престој** учениците (во мали групи) изработуваат сообраќајни знаци, семафор, постер со крстосница<br>Во корелација со математика може да се собираат податоци за бројот и водот на возила кои поминуваат на крстосница за одреден временски период. | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Презентација<br><br>Учебник стр. 80, 81, 82, 83<br><br>Работен лист | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Безбедно се движам и учествувам во сообраќајот**<br><br>улица,<br>возило,<br>пешак,<br>пешачки премин,<br>тротоар,<br>семафор | Опишува и споредува безбедно од небезбедно движење во сообраќајот (како пешак, велосипедист и патник во возило и сл.).<br><br>Ги предвидува последиците од непочитувањето на правилата за безбедност во сообраќајот. | 2 | Наставникот им презентира на учениците (преку видеопрезентација, со фотографии и сл.) безбедно движење во сообраќајот (одење по тротоар, преминување улица на пешачки премин, возење велосипед по патека за велосипед), а потоа учениците кажуваат како самите безбедно доаѓаат до училиште, како играат безбедно на игралиште или одат до своите другари.<br>Во училишен двор/на крстосница(обележана или необележана со учениците се вежба безбедно движење во сообраќајот.<br>Учениците играат и симулираат ситуации за (не)почитување на правилата во сообраќајот како пешак, патник и велосипедист, за кои претходно самите изработиле основни знаци за безбедност (знак стоп, знак за пешачки премин, училиште и сл.) и семафор од различни материјали.<br>Во соработка со МВР може да се организира посета на сообраќаен полицаец кој ќе ги запознае учениците со правилата за движење во сообраќајот. | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Презентација<br><br>Учебник стр. 84, 85 | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Брза помош, пожарна и полиција**<br><br>Болница<br>амбуланта,<br>брза помош<br>амбулантно возило,<br>полицаец,<br>полициско возило,<br>пожарна,<br>пожарникар... | Ги наведува телефонските броеви на брзата помош, полицијата и пожарната.<br><br>Ги објаснува улогите на брзата помош, пожарната и полицијата и ги поврзува со конкретни ситуации | 1 | Учениците преку слики препознаваат специјани возила кои се разликуваат од другите во сообраќајот( полиција, брза помош и пожарна).<br>Се искажуваат по што се разликуваат(светлосни и звучни сигнали) и кога имаат предност во сообраќајот. Наставникот објаснува која е важноста да се знаат телефонските броеви на брза момош, полиција и пожарна, но и кога треба да се повикаат, а не смеат да се злоупотребуваат.<br>Разговараат за улогата на полицијата, лекарите, пожарникарите и за изгледот на нивната униформа, возилата, работните задачи.<br>Во мали групи цртаат/обојуваат слики од замислена случка каде што е потребно ангажирање на полиција, брза помош или пожарна и го пишуваат на цртежот телефонскиот број на кој треба да се повика потребната служба (полиција, брза помош, пожарна).- *корелација со ликовно образование*<br>Во одделението гостува полицаец/полицајка, пожарникар и/или медицинска сестра/лекар, лекарка од брза помош кој/која раскажува интересни случки од својата работа. Учениците им поставуваат прашања.<br>•(За време на **продолжен престој** се организираа посета на пожарна, брза помош или полиција | Табла<br><br>Компјутер<br><br>Проектор<br><br>Презентација<br><br>Учебник стр. 86, 87 | усни одговори на прашања поставени од наставник<br><br>придонес во групни активности;<br><br>придонес во изведување на заклучоци<br><br>Практични изведби поврзани со стандардите за оценување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Оценување на наученото | 1 | Учениците индивидуално пополнуваат рабптен лист со барања преку кои ќе се провери совладаноста на стандарите за оценување | Работен лист | Одговори во работен лсит |

resursi.literatura.mk